**СДСМ**
**И КОАЛИЦИЈАТА**

**5**

# ПАВЕЛ ИВАНОВ

**за Штип**



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



„ДА ЈА ВРАТИМЕ ДОВЕРБАТА, ДА ЈА ОТВОРИМЕ ОПШТИНАТА И ДА ДОКАЖЕМЕ ДЕКА ШТИП МОЖЕ И ЗАСЛУЖУВА МНОГУ ПОВЕЌЕ.“

**Пријатели,**

Сакам да ви се обратам најискрено, тргнувајќи од себе и од идејата што сакам да ви ја претставам на сите вас.

Јас сум Павел Иванов. Еден од вас.

Многумина веќе ме познаваат. Ме знаат земјоделците од целиот регион; ме знаат сите оние што побарале помош или поддршка од мене и никогаш не биле одбиени.

Никогаш не сум се служел со празни флоскули и политички говори. Ви зборувам како човек, како еден од вас. Секогаш сум бил дел од народот, таму каде што е најпотребно. Живееме во овој град и за него сакам да застанам со целото мое срце и душа.

Затоа денес стојам пред вас не како кандидат што ветува чуда, туку како ваш сосед што нуди работа. Време е да престанеме да зборуваме оддалеку и да почнеме да дејствуваме заедно.

„За Штип! За тебе! За нас!" – ова не е само слоган. Ова е нашиот завет.

- За Штип – Универзитетски центар на Истокот, симбол на модата и текстилната индустрија, расадник на млади таленти.
- За тебе – Кој и да си, без никаква дискриминација по каква било основа, затоа што, пред сѐ, сите сме луѓе.
- За нас – Затоа што заслужуваме да живееме во град што нуди можности; град којшто на оние што придонесувале за оваа заедница ќе им овозможи мирна и достоинствена старост, без грижи.

Мојата цел е да бидам градоначалник од вашето маало; да бидам секаде каде што сум потребен. Да ја вратиме довербата, да ја отвориме општината и да докажеме дека Штип може и заслужува многу повеќе.

Ајде заедно, со план, со срце и со јасна визија.

Јас сум за Штип, за тебе, за нас!

**Павел Иванов**

Кандидат за градоначалник на Општина Штип

**СЕ БОРИМЕ**
**ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Штип

**Заборавете на советниците што се кријат зад партиски одлуки и формалности. Нашиот тим воведува нешто што досега недостасуваше – лична одговорност.**
**Ние не ви нудиме празни приказни, туку решенија. Стоиме зад секој проект од оваа програма – од повеќе пари во секое семејство, до поддршка за младите и пензионерите.**
**Затоа, секој од нас ќе биде ваш директен човек за конкретен проект. Јавно, со име и презиме, ќе ве известуваме што е сработено, каде застанало и кој е одговорен. Советот нема повеќе да биде далечна институција, туку ваш сервис и ваша алатка за промени.**
**Ние сме вашиот тим на терен. Тука сме да работиме за вас и да одговараме пред вас.**
**За тебе. За Штип. За иднина сега!**

1. Галаба Вереса-Димова: р. 1981, стручен специјалист по фиксна протетика/ наставник, СДСМ.
2. Трајче Стојчевски: р. 1996, Ждипломиран економист, СДСМ.
3. Марија Бикова: р. 1983, дипломиран менаџер по бизнис и логистика, управител, СДСМ.
4. Горан Кавраков: р. 1984, Магистерски студии на музичка академија - Скопје, професор по саксофон, СДСМ.
5. Лидија Ѓоргиева: р. 1975, Дипломиран технолог од областа на текстилното инженерство / наставник, СДСМ.
6. Даниела Славујевиќ: р. 1983, конфекциски техничар, НСДП.
7. Зоран Костовски: р. 1968, Педагошки факултет/ наставник-библиотекар. ВМРО-НП.
8. Маријана Ротожарска-Поповска: р.1988, дипломиран правник по правосудна насока/ стручен соработник во ЦРРСМ. СДСМ
9. Борчо Цеков: р. 1949, дипл. Политолог-пензионер, СДСМ.
10. Никола Бошков: Никола Бошков, р. 1986, дипломиран професор по историја и археологија, образовен асистент, СДСМ
11. Горан Трајков: р. 1981, дипломиран музичар/ активист, СДСМ.
12. Емилија Синадинова Арсова: р. 1982, Професор по одделенска настава/ Осигурување, СДСМ.
13. Марио Паризов: р.1995, Дипломиран професор по историја
14. Помлад соработник во Сектор за инспекциски надзор во Државен архив, ПО Штип, СДСМ
15. Георги Димов: 1994, Доктор по општа медицина, СДСМ
16. Стојка Илиева-Аџиева: р. 1975, предучилишен воспитувач, СДСМ.
17. Игор Ѓорѓев: р. 1988, магистер по правни науки - правосудна насока, СДСМ.
18. Ангела Ристова: 2005, студент на правен факултет СДСМ
19. Марина Корица: р. 1980, диломиран економист / помлад соработинк за наплата и фактурирање во КБ Штип, СДСМ.
20. Борче Ѓорчев: р. 1976, машински техничар, СДСМ.
21. Марина Димитрова: р. 1992, менаџер, СДСМ.
22. Меланија Стојановска: р. 2002, апсолвент (психолог), СДСМ.
23. Маријан Максимов: р. 1994, електротехничар енергетичар, СДСМ.
24. Оља Костова: р. 2001, медицинска сестра - инструментарка, СДСМ.



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

## ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Водоснабдување: Обезбедена вода од ХС „Злетовица“ со нова филтер-станица; почната изградба на брана на р. Отиња; решен проблемот со вода во н. Балканска; изградена водоводна и канализациска мрежа во Караорман; намалена цена на водата за 10 %.
- Сообраќај и патишта: Изграден челичен лак-мост (~60 м, инвестиција ~60 м денари) и миниобиколница; реконструирани 70 улици (~18 км) и 11.000 м² тротоари; изградени модерни раскрсници (Сењак, „Алумина“); поставени 2 паркинг-платформи на Отиња.
- Образование и социјала: Изградена прва нова градинка во Сењак по 30 год. (>200 деца); воведен бесплатен престој за деца на самохрани родители; целосно обновени сите основни и средни училишта со нова ИКТ-опрема, реновирани сали, тоалети и фасади.
- Култура и енергетика: Реконструиран Дом на млади (сали, кров, опрема); поставени фотоволтаици на три општински објекти.
- Администрација: Обезбедена максимална транспарентност на буџетот (прогласена за најтранспарентна општина); ефективно управување со кризата на КОВИД-19.

## А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

Листа на нереализирани проекти и проблеми:

- Капитални проекти: Нула реализирани капитални проекти. Неизградени: обиколница (бул. „Гоце Делчев“ - Ново Село), Дом за стари лица, пречистителна станица, спортска сала за боречки вештини и картинг-центар. Незапочната гасификација. Нереконструирана водоводна мрежа со азбестни цевки, патот до с. Гарван и 12 ветени рурални патишта.
- Урбанизам и животна средина: Урбанистички хаос и толерирање дивоградби. Запоставена Бања Кежовица и неуредено корито на р. Отиња. Нерешен проблем со депонијата, без воспоставен систем за селекција на отпад. Неуредено зеленило на 15 локации и незаменето улично ЛЕД-осветлување.
- Образование, млади и спорт: Неизградени: детска градинка во н. Железничка, Младински центар, скејт-парк и Музеј на спортот. Ненабавени компјутери/таблети за секој ученик и проектори за секоја училница. Делумно набавени униформи



(само до V одд.). Невоведен здрав оброк. Нереконструирани спортски сали и игралишта.

- Економија и социјала: Сите јавни претпријатија доведени во загуба. Драстично зголемени даноци и комуналии (имот, вода, ѓубре, паркинг). Запоставена противпожарната единица. Неизграден стационар за бездомни животни и рехабилитациски центар.
- Транспарентност: Нема дигитализација на услуги (е-општина) и систем за отворени податоци. Неодржани ветени неделни прес-конференции, видеодебати и финален отчет.

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто се кандидирате?
Што е Вашиот мотив?**

Се кандидирам затоа што ми е доста од чекање и гледање како општината тоне во апатија. Роден сум тука, тука е моето семејство и ме боли кога гледам како се задоволуваме со ситни поправки наместо со храбри чекори напред. Мотивот не е функцијата, туку одговорноста што ја чувствувам да го понудам моето знаење и енергија, за да го направиме ова место повторно дом од кој не се бега. Не се кандидирам против некого, туку се кандидирам за иднината на нашата општина.

- **Споменавте иднина. Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој? Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Визијата е клучна, таа е нашата мапа за иднината. Без неа, само се вртиме во круг и реагираме на проблеми од ден на ден. Мојата визија е јасна: општина којашто е ефикасен услужен центар за граѓаните, а не бирократски лавиринт. Но ниту една општина не е остров. Не можеме да бидеме средена заедница во хаотично општество. Затоа, на локално ниво мора да ги промовираме вредностите што ни недостасуваат на сите – чесност, одговорност, солидарност и владеење на правото. Со добар пример, придонесуваме кон оздравување на целото општество.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Инфраструктурата е важна, но не е доволна. Таа е телото, но нам ни треба и душа. Вистинската промена доаѓа со целосна промена на начинот на работа. Прво, апсолутна транспарентност – мојата врата и општинскиот буџет ќе бидат ширум отворени за сите. Второ, создавање чувство на заедница преку поддршка на локалната култура, спортот и маалските иницијативи коишто ги зближуваат луѓето. Трето, суштинско инвестирање во луѓето – во образованието и во поддршка на локалната економија. Убавата улица не вреди ништо ако по неа нема кој да чекори.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите не се само нашата иднина, тие се нашата сегашност. Ако сега не им создадеме услови, нема да имаме иднина. Потребни се конкретни дела, а не празни зборови: квалитетно образование што е поврзано со пазарот на трудот, реална поддршка за прво вработување или за отворање сопствен бизнис, функционален младински центар, современи спортски терени. Но најважно од сè е да ги слушаме и активно да ги вклучиме во одлучувањето. Време е да престанеме да зборуваме за нив, а да почнеме да зборуваме со нив.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Безбедноста е темел на квалитетниот живот. Проблемите се видливи за сите: сообраќаен хаос, темни и запуштени улици, вандализам. Решението не е само во повеќе полиција, туку во превенција. Општината мора да биде активен партнер: подобро улично осветлување во секое маало, сообраќајно обезбедување околу

училиштата, расчистување на запуштените јавни површини и заживување на концептот на маалски позорникар. Безбедноста е наша заедничка одговорност.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Урбанистичкиот хаос е директен резултат на лошото планирање и попуштањето пред приватни интереси. Ова мора итно да престане. Затоа, неопходна е целосна и транспарентна ревизија на сите сомнителни детални урбанистички планови. Мора да почнеме да ја планираме општината за луѓето, а не за автомобилите и бетонот. Тоа значи повеќе пешачки зони, безбедни велосипедски патеки, мали маалски паркови и многу пофункционален јавен превоз. Нашиот град мора повторно да дише.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не, и одбивам да прифатам дека сме осудени на тоа. Ова е прашање на јавно здравје и бара итни мерки. Прво, бескомпромисна борба против дивите депонии, со чистење и строги казни. Второ, воспоставување функционален систем за селекција на отпад, од секој дом до финалната преработка. Трето, субвенции за граѓаните за енергетски ефикасни решенија за затоплување. И четврто, масовно озеленување на секоја слободна површина. Ова е наша обврска кон здравјето на нашите деца.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а перцепцијата е дека корупцијата цвета. Дали може да ја повратиме таа доверба?**

Довербата е изгубена и мора да ја заработиме повторно, исклучиво со дела. Тоа значи целосна дигитализација на општинските услуги за да се намали човечкиот фактор и просторот за корупција. Јавно објавување на сите договори и фактури на општинската веб-страница, во реално време. Редовни и отворени средби со граѓаните по населбите. Кога граѓанинот ќе види каде точно се троши неговиот денар и ќе добие брза и ефикасна услуга, тогаш надежта ќе почне да се враќа.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Одговорот е болен и едноставен: немаме иднина без луѓе. Празните куќи се најтажната слика на нашата реалност. Луѓето не си одат само поради плата, туку поради неправда, корупција и чувството на безнадежност. Затоа, решението не е една мерка, туку создавање средина во која

вреди да се остане. Кога ќе имаме праведна, чиста и безбедна општина со добри училишта, луѓето ќе останат. Нашата главна мисија е да создадеме место каде што се планира живот, а не бегство.

- **И за крај, зошто граѓаните да гласаат за Вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму Вам довербата?**

Затоа што ова за мене не е политичка кариера, туку мисија. Не нудам лажни ветувања, туку чесна работа, посветеност и отворена врата за секој граѓанин. Не ветувам живот без проблеми, но ветувам дека за секој проблем ќе се бориме заедно, отворено и транспарентно. Разликата е во пристапот. За мене, ова не е борба за власт, туку борба за нашиот заеднички дом. Ги повикувам граѓаните да гласаат за визија во која веруваат за да можеме заедно да ја вратиме надежта и гордоста на нашата општина.



# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## ИСКРЕНА ДИЈАГНОЗА: ВИСТИНАТА ЗА НАШИОТ ГРАД

Време е искрено да се соочиме со проблемите што го задушуваат нашиот град. Секојдневно чувствуваме несигурност на улиците, од глутници кучиња до зголемен криминал. Оваа несигурност е последица на урнат систем, каде што корупцијата, клиентелизмот и урбанистичкиот хаос станаа правило. Институциите не им служат на граѓаните, администрацијата е неефикасна, а довербата е изгубена. Најтешката последица од сето ова е тивкиот егзодус – нашите деца и пријатели заминуваат затоа што тука ја губат надежта за достоинствен живот и работа. Признавањето на овие проблеми е првиот чекор кон нивното решавање.

## НАШИОТ ОДГОВОР: ВИЗИЈА ЗА СИСТЕМСКИ РЕСТАРТ

Не ветуваме чуда, туку нудиме храбар системски рестарт, базиран врз вредности и конкретни проекти. Нашата визија се темели врз четири столба:

1. Функционален и безбеден јавен простор. Градот мора да биде место каде што секој се чувствува сигурно и слободно. Обезбедуваме ред и функционалност со безбедни улици, велосипедски патеки и модерен јавен екопревоз со смарт автобуски станици со нови електрични комбиња. Трајно и



хумано го решаваме проблемот со бездомните животни преку нашето прифатилиште „Џони“ и ги поттикнуваме граѓаните да го разубават својот простор преку иницијативата „Мојата улица – мој дом“.

2. Чиста и здрава животна средина. Чистиот град е основно човеково право. Преземаме конкретни чекори за чист воздух и зелени површини преку поддршка за „Зелени покриви и енергетски фасади“, иницијативи како „Недела без автомобил“ и воведување систем „Без отпад“, кој ја наградува еколошката свест. Наша цел е беспрекорна комунална хигиена и целосно расчистување на дивите депонии.

3. Општина по мерка на граѓаните. Ја трансформираме општината во вистински партнер на граѓаните – отчетна, ефикасна и блиска. Воведуваме граѓански буџет за директно учество во одлучувањето и дигитална администрација за ставање крај на корупцијата. Покажуваме грижа со конкретна поддршка за жените претприемачи, градиме „Град без бариери“ за лицата со посебни потреби и обезбедуваме достоинствен живот за пензионерите со нов дом „Златна есен“ и Центар за активен живот. Сето ова го правиме во силно партнерство со невладиниот сектор.

4. Младите во фокусот – причина да се остане. Создаваме средина каде што младите ќе изберат да останат, да растат и да придонесуваат. Нудиме реални можности преку стартап-инкубатор за младинско претприемаштво и образование за иднината со АИ Академија. Инвестираме во нивното здравје со проектот „Велосипед за секој основец“, градиме нова спортска сала за боречки вештини и создаваме жив простор за култура со обнова на чаршијата.

- **Заклучок: Визија што обединува**

Нашата програма е сеопфатен план за трансформација на Штип во град што е економски подинамичен, социјално поправеден, поздрав и помодерен. Крајната цел е да изградиме заедница во која секој има реална можност да го оствари својот потенцијал, цврста причина да остане и чувство на гордост што живее тука.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## „Сонце за сите“

Опис на проектот: Проектот предвидува субвенционирање и поддршка за инсталација на соларни системи од 6 kW со батериски систем за складирање во секое домаќинство во Штип, заедно со сончев колектор за топла вода. Целта е да се намалат месечните трошоци за електрична енергија, да се зголеми енергетската независност на домаќинствата и да се поттикне транзицијата кон обновливи извори на енергија.

**Влијание на проектот:**
Се очекува значително намалување на потрошувачката на електрична енергија од мрежата, што ќе резултира со пониски сметки за граѓаните. Во првата година се планира поддршка за минимум 3 000 домаќинства, со што директно ќе се придонесе и кон економска независност и намалување на емисијата на $CO_2$.

**Целна група:**
Сите домаќинства во Општина Штип, со посебен приоритет на социјално ранливите категории граѓани.

**Рок на реализација:** 48 месеци.
**Буџет:** 30 мил. Евра. Финансирањето ќе се обезбеди преку почетен фонд од општинскиот буџет, со активно барање грантови од меѓународни фондови (МАЕ, ЕУ Green Deal, UNDP) и развој на модел за кофинансирање меѓу општината, државата и граѓаните.



# „ Достоинствена златна есен“

Интегриран центар за пензионери и лица со посебности Проектот предвидува изградба на модерен, инклузивен резиденцијален комплекс дизајниран да промовира независен, активен и достоинствен живот за две целни групи: повозрасни лица и лица со посебности над 18 години. Комплексот ќе се состои од приспособени станбени единици (бунгалови) околу централен објект со заеднички простории (ресторан, библиотека, амбуланта, сензорни соби, сали за работилници и терапија) и безбедни, уредени градини. Концептот е да се создаде интегрирана заедница каде што се почитува индивидуалноста, се нуди врвна нега и поддршка според специфичните потреби и се поттикнува меѓусебна интеракција и социјализација.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе го подобри квалитетот на животот, здравјето и социјалната вклученост на сите станари. За повозрасните, ќе понуди сигурна старост, а за лицата со посебности ќе обезбеди средина за развој на потенцијалот, самостојност и социјална интеграција. За семејствата, ќе понуди мир и сигурност. На општествено ниво, ќе постави пионерски стандард за инклузивна социјална грижа во Македонија и ќе создаде нови, специјализирани работни места.

**Целна група:**
Примарна целна група:

- Пензионери - Повозрасни лица (65+ години): Од независни поединци до лица на кои им е потребна делумна или целосна медицинска нега.
- Лица со посебности (18+ години): Лица со физичка или интелектуална попреченост на кои им е потребна поддршка за самостојно живеење во безбедна и стимулативна средина.

Секундарна целна група: Семејствата и старателите на двете групи.

**Рок на реализација:**
Вкупниот предвиден рок за реализација е 3-4 години, поделен во фази: подготовка и специјализирано планирање (12 месеци), изградба и опремување (24 месеци) и операционализација (6 месеци).

**Буџет:**
Вкупниот проценет буџет за проектот изнесува 8 милиони евра.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Нова станбена населба „Киро Глигоров - Дом за млади парови“ (стан за млади)

Проектот обезбедува поддршка за 240 млади парови од Штип преку неколку модели за достапно домување: субвенционирана кирија или каматна стапка за станбен кредит, доделување општински парцели за изградба или приватно јавно партнерство.

**Влијание на проектот:**
Директен поттик за младите да останат, да формираат семејства и да ја градат својата иднина во Штип. Се очекува намалување на миграцијата кон главниот град или во странство и зајакнување на локалната заедница.

**Целна група:**
Млади парови и млади семејства од Општина Штип.

**Рок на реализација:** 48 месеци за реализација на првиот циклус, со план за објавување нов повик секоја наредна година.

**Буџет:** 14 мил. евра. Ќе се формира почетен фонд од општинскиот буџет и со државна поддршка, во партнерство со деловните банки, фондации и приватни инвеститори и граѓаните.

## Штип инвестира – Хала денес, работа утре

Изградба на модерен индустриски објект (хали) со површина од 10 000 m², опремени со целосна инфраструктура (струја, вода, приклучок за гас, оптика). Објектот ќе се нуди по поволни услови за закуп на нови странски или домашни компании што сакаат брзо да започнат со работа.

**Влијание на проектот:**
Привлекување на најмалку 4 нови компании во општината, што ќе доведе до отворање на 250-1 000 нови, квалитетни и добро платени работни места. Проектот ќе поттикне трансфер на нови технологии и ќе го зголеми локалниот извоз.

**Целна група:**
Нови домашни и странски компании/инвеститори што бараат готови решенија за брз почеток на производствениот процес.

**Рок на реализација**: Приближно 30 месеци до целосна оперативност на објектот.

**Буџет:** Проценета вредност од околу 6 милиони евра, кои ќе се обезбедат од општински и од државни извори

## Изградба и опремување на специјализирана спортска сала за борeчки вештини „Симеон Шутев“

Проектот предвидува изградба на современ, енергетски ефикасен спортски објект наменет исклучиво за боречки вештини (борење, џудо, карате, итн.). Салата ќе биде именувана во чест на легендарниот македонски боречки тренер Симеон Шутев. Објектот ќе содржи централна сала со татами подлоги и душеци, трибини со помал капацитет, соблекувални, теретана и помошни простории, со што ќе ги исполни сите стандарди за тренинзи и одржување на национални натпреварувања.

**Влијание на проектот:**
Изградбата на салата ќе обезбеди врвни услови за тренинг на спортистите, што директно ќе влијае врз подобрувањето на нивните резултати. Проектот ќе поттикне развој на спортот и здрави навики кај младите, ќе го подигне угледот на боречките вештини во заедницата и ќе овозможи организирање турнири од повисок ранг.

**Целна група:**

Професионални спортисти и клубови од боречките вештини, рекреативци, како и деца и млади од целата општина што имаат интерес да се занимаваат со спорт.

**Рок на реализација:** Проектот ќе се реализира во периодот од 2025 до 2028 година, опфаќајќи ги фазите на проектирање, изградба, опремување и пуштање во употреба.

**Буџет:** Вкупниот проценет буџет за реализација на проектот изнесува 1.500.000 евра. Средствата ќе ги покријат градежните работи, набавката на спортска опрема и партерното уредување.

# ПРОЕКТИ

## Обнова на водовод и канализација

Целосна реконструкција на старата мрежа, вклучувајќи ги улиците „Христијан Карпош“, „Еврејска“, „Боро Милевски“„Васил Доганџиски“, населба Исар, реконструкција на мрежата со препумпна станица кај месноста Црвен Дол, поврзување и приклучок на вода за пиење на улиците „Васил Главинов“ и „Димитар Влахов“ во Ново Село, и изградба на секундарна мрежа во Чардаклија и Македонка.

**Влијание на проектот:**
Обезбедување 24/7 чиста вода за пиење, намалување на дефектите за 40 %, елиминирање на загубите на вода и подобрување на јавното здравје.

**Целна група:**
Сите граѓани и деловни субјекти во Општина Штип.

**Рок на реализација:** 2025 - 2029.

**Буџет:** 100 мил. ден.

## Стартап-инкубатор (Стартап-центар за млади во ОМЦ „Киро Глигоров“)

Обезбедување простор, менторство и почетна финансиска поддршка за млади претприемачи и иновативни бизнис-идеи.

**Влијание на проектот:**
Создавање на над 100 нови квалитетни работни места, поттикнување на иновациите и задржување на младите таленти во Штип.

**Целна група:**
Млади лица, студенти, претприемачи и иноватори.

**Рок на реализација:** 2026 -2028.

**Буџет:** 18 мил. ден.





## Намалена котизација во градинките за 50 % и бесплатна градинка за ранливи категории

Директна финансиска мерка за олеснување на буџетот на младите семејства преку преполовување на цената за градинка доколку примањата не го надминуваат трошокот за потрошувачката кошница на родителите, и целосно ослободување за самохрани родители и социјално ранливи семејства.

**Влијание на проектот:**
Поголема достапност на предучилишното образование, социјална праведност и директна поддршка на семејниот буџет.

**Целна група:**
Млади семејства со деца од предучилишна возраст, самохрани родители, социјално ранливи семејства.

**Рок на реализација:**
Континуирано од 2025 г.

**Буџет:**
Ќе се дефинира со годишниот буџет.

## Пошумување на ридовите (заштита на белите дробови на Штип)

Масовно пошумување со 300 000 садници на околните ридови за заштита од ерозија, подобрување на квалитетот на воздухот и создавање нови рекреативни зони.

**Влијание на проектот:**
Намалување на летните температури до 10 °C, заштита на белите дробови на градот, спречување ерозија и создавање нови рекреативни патеки.

**Целна група:**
Сите граѓани на Штип.

**Рок на реализација:** 2025 - 2028.

**Буџет:** 61,5 мил. ден.

# ПРОЕКТИ

## Катни гаражи и платформи

Изградба на катни гаражи на клучни локации (кај црквата „Св. Спас“ и Трговскиот центар) и две паркинг-платформи на реката Отиња.

**Влијание на проектот:**
Трајно решавање на проблемот со паркирањето со стотици нови паркинг-места, намалување на сообраќајниот хаос и подобрување на урбаната функционалност.

**Целна група:**
Сите граѓани, возачи и посетители на централното градско подрачје.

**Рок на реализација:** 2026 - 2027.

**Буџет:** 35 мил. ден.

## Изградба на резервоари за вода

Изградба на нови резервоари со влезови и излези во населбите Сутлак, Пребег и Мерите.

**Влијание на проектот:**
Зголемена сигурност и стабилност во водоснабдувањето, особено при зголемена потрошувачка или дефекти во мрежата.

**Целна група:**
Граѓаните од населбите Сутлак, Пребег, Мерите и целата општина.

**Рок на реализација:**
Ќе се дефинира со техничката документација.

**Буџет:**
Ќе се дефинира со техничката документација.

## Без отпад (со наплата по килограм)

Воведување систем за селекција на отпад и наплата според количината создаден мешан отпад, со што се наградуваат граѓаните што рециклираат.

**Влијание на проектот:**
Зголемување на стапката на рециклирање за над 50 %, почисти улици, намалени сметки за совесните граѓани и намалување на дивите депонии.

**Целна група:**
Сите домаќинства и деловни субјекти во Општина Штип.

**Рок на реализација:** 2025 - 2026.

**Буџет:** 15 мил. ден.

## „Топол дом за сите“

Општината ќе субвенционира поставување нови енергетски фасади и покриви на куќите и зградите за да се намали потрошувачката на енергија.

**Влијание на проектот:**
Проектот овозможува драстично помали сметки за греење, зголемен комфор во домовите и почист воздух за целиот град.

**Целна група:**
Наменет е за сите сопственици на куќи и станари во згради, со приоритет на постарите објекти.

**Рок на реализација:**
Проектот ќе се реализира во периодот од 2025 до 2029 година.

**Буџет:** 100 мил. денари

## „Зелено срце на градот: Брана Отиња“

Проектот предвидува целосно хортикултурно и партерно уредување на просторот околу браната Отиња, создавајќи нова пешачка и рекреативна зона.

**Влијание на проектот:**
Граѓаните добиваат нова, голема и модерна зелена површина за одмор, спорт и рекреација, што го подобрува квалитетот на урбаното живеење.

**Целна група:**
Наменет е за сите граѓани на Штип – семејства, млади, пензионери, спортисти и рекреативци.

**Рок на реализација:** 2026 - 2029.

## „Генерација Штип: Паметни умови, здрави навики“

Проектот вклучува доделување месечни стипендии за талентирани средношколци во СТЕМ (наука, технологија, инженерство, математика) и субвенционирање за велосипеди за основците, поттикнувајќи истовремено интелектуален развој и здрави еконавики.

**Влијание на проектот:** Создаваме здрава, паметна и еколошки свесна идна генерација што ќе биде носител на развојот на градот.

**Целна група:** Наменет е за учениците од IV до IX одделение (за велосипеди) и за талентираните средношколци во СТЕМ (наука, технологија, инженерство, математика).

**Рок на реализација:** 2025 - 2029.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**УЗ „Васил Догаџиски“**

- Преуредување во парк на запуштеното училишно игралиште (СОУ „Јане Сандански").
- Целосна реконструкција на парковите „Кртеќе“, „Пролет“ и просторот кај кулите.
- Водоводна мрежа + резервоар во м. в. Каваклија.
- Изградба на катна гаража кај текстилното училиште.

**УЗ „Тошо Арсов“**

- Хортикултурно уредување на „Стар конак“.
- Завршување на тротоарот и уредување на јавните површини кај зграда Промаја.
- Мораториум на градби: Воведување привремена забрана за нови градби во централното подрачје за да се спречи непланската урбанизација

**УЗ „Дузлак“**

- Одржување на зеленилото кај црквата „Св. Недела“ и шумата кај „Сончев град“.
- Поставување канти, инфотабли и клупи во „Сончев град“.

**УЗ „Ново Село“**

- Изградба на парк со дрвја и зелени површини.
- Обнова на игралиштето кај црквата „Св. Спас“.

**УЗ „8 Ноември“**

- Нов парк на ул. „Енгелсова“ .
- Поставување чешми и безбедносно уредување на пешачката патека.
- Обнова на зеленилото покрај бул. „Партизанска“.

**УЗ „Автокоманда“**

- Зелени површини на улиците „Браќа Даневи“, „П. Караѓозов“, „Солидарност“ и други.
- Уредување на парк-џебови околу градскиот пазар и обнова на игралиштето.
- Изградба на катна гаража на ул. „Пиринска“.

**УЗ „Пребег“**

- Обнова и проширување на водоводната мрежа.
- Реновирање на паркот и спортските игралишта зад зградите.

**УЗ „Сењак“**

- Изградба на централен парк, мини паркови и „Адреналински парк“.
- Обнова на спортско-рекреативен центар кај Елкос.
- Мораториум на станбена изградба.

**УЗ „Баби“**

- Повеќе зелени површини и одржување на постојните паркови.
- Покриен пазар во нас. Баби.
- Реконструкција на улиците „Крсто Митев“, „Антон Панов“ и други.

**УЗ „Славчо Стојменски“**

- Нов парк на ул. „Сутјеска“ и мал парк на ул. „Христ. Карпош“.
- Асфалтирање на осум крака во Света Недела.
- Реконструкција на игралиштето во Бело Брдо.

**УЗ „Балканска“**

- Преадаптација на старите соблекувални на ФК „Македонка“ во центар за стимулација и ран детски развој.
- Бесплатен превоз за пензионерите: Обезбедување бесплатен јавен превоз за пензионерите на клучни градски релации за полесен пристап до услуги.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ И КОАЛИЦИЈАТА